**Маргарита СПАСЕНОВСКА**
**Снежана ЧИЧЕВАЛИЕВА**

# ПРЕДИЗВИЦИТЕ СО ПРЕТОЧУВАЊЕТО НА АГЕНДАТА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ 2030 ВО НАЦИОНАЛНОТО ПЛАНИРАЊЕ НА ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ И УЛОГАТА НА СЗО

## Вовед

Во 2015 година, светските лидери ги договорија 17-те Цели за одржлив развој и 169-те таргети содржани во Агендата за одржлив развој 2030, како и средствата за нивно спроведување, следење и ревидирање.

„Агендата 2030“ претставува акциски план за луѓето, планетата, напредокот, мирот и партнерство, кој сите 193 земји членки на Обединетите Нации се согласија да го спроведат. Пет аспекти ја чинат „Агендата 2030“ способна за преобразба и различна од Милениумските развојни цели (МРЦ). „Агендата 2030“ е:

- „посеопфатна од сите претходно“, што ги засегнува сите сектори на власта и развојот, вклучително и економските, еколошките и социјалните чинители на здравјето;
- „интегрирана и неделлива“, што значи дека целите и таргетите се заемно поврзани и зависни, и им е потребна силна политичка кохерентност како вертикално така и хоризонтално, како и посветеност

*М-р Маргарита Спасеновска е в.д. Шеф на Канцелариајта на СЗО во Скопје*

*М-р Снежана Чичевалиева е програмски менаџер за Национални здравствени политики, СЗО Регионална канцеларија за Европа*

на повеќе секторски во власта, како  и целото општество;
- „глобална по природа и универзална според примената", па затоа и е меродавна за сите земји (развиените и во развој), при што „ги зема предвид различните национални реалности, капацитети и нивоа на развој";
- фокусирана на правичност и на досегање до она население на кое најтешко му се пристапува; во резолуцијата се дава констатацијата дека „никој нема да биде изоставен"; важната улога на родот, правичноста и човековите права се признава низ сите ЦОР, со што се дава силна рамка којашто поврзува повеќе општествени цели интегрирано, а при тоа експлицитно се признава важноста на мирот и безбедноста како неопходни предуслови за одржлив развој; и
- „инклузивна", што значи дека само преку партнерства ќе може да се постигнат таргетите и целите.

„Агендата 2030" и нејзините ЦОР се во надлежност на земјите членки, што значи дека „секоја Влада ги поставува своите национални таргети водејќи се според глобалното ниво на амбиција, но земајќи ги во предвид националните прилики", со што се води сметка за отчетност во испорачувањето на резултатите како дел од глобален подвиг.[1]

## Преточување на ЦОР во националните политики, планови и стратегии и интегрирањето на трите димензии на одржлив развој

За успешно спроведување на ЦОР пресудно ќе биде нивното вклучување и преточување во националните политики, планови и стратегии. Несомнено, исполнувањето на заветот „никој да не биде изоставен" ќе зависи и од тоа во колкава мера оние што се наоѓаат најодзади ќе бидат земени предвид при исцртувањето на потребните политики и планови. Концептите на преточување на одржливиот развој во националните планови и преточување на глобалните рамковни политики во националните стратегии не се нови, како што беше покажано од искуствата на националните планови за одржлив развој и спроведување на Милениумските развојни цели (МРЦ), од што може да се извлечат бројни поуки.

1 Кон патоказот за спроведување на Агендата за одржлив развој 2030 во Европскиот регион на СЗО, 66. седница на Регионалниот комитет за Европа, Копенхаген, Данска, 12-15 септември 2016.

Како што е забележано во „Агендата 2030“, секоја земја треба да ги земе предвид своите национални реалности и околности, поради што не постои еден крој кој би им одговарал на сите земји кога станува збор за процесот на преточување. Важно е да се сетиме дека пред усвојувањето на ЦОР, владите веќе имаа постојни политички цели и заложби кои се артикулирани во најразновидни национални и секторски стратегии и планови, како и низ нивните обврски кон меѓународните договори. Сепак, следниве би биле трите типични чекори што може да важат за повеќе видови земји при почетното преточување на ЦОР:

1. Прегледување на постојните стратегии и планови и утврдување на областите за промена: да се скенира и детализира шаренилото од постојните стратегии и планови на национално, поднационално и локално ниво и истите да се споредат со глобалните ЦОР и таргети, за да се утврдат недостатоците и да се даде основа на областите за промена; 2. Поставување на таргети меродавни на национално ниво: за национално приспособени и инклузивни ЦОР коишто се остварливи, но сепак амбициозни; и 3. Формулирање на стратегија и планови, користејќи се со интегрираните системи, и со мисла: да се вградат препораките и сознанијата од погорните чекори во стратегиите и плановите, а амбицијата и заложбите и да се вклопат со ресурсите и капацитетите.

## Процес на преточување на „Агендата 2030“ на национално ниво

За да се започне со процесот во земјата и да се постават темелите за спроведување на „Агендата 2030“, Владата на РМ презеде здружена иницијатива со поддршката од агенциите на ОН за да ги интегрира Целите за одржлив развој (ЦОР) во националниот процес на планирање. Активностите е предвидено да се спроведат во неколку фази, почнувајќи со приоритизирање на ЦОР и локализирање на таргетите и избор на локални показатели како основа за изработка на Акциски план за ЦОР 2016-2020 за надградба на постојната Национална стратегија за одржлив развој 2012-2020 и Национален план за спроведување на ЦОР 2016-2030. Со подготвување на Национален план за спроведување на ЦОР за целиот 15-годишен период и Акциски план за првите пет години од спроведување со цел надградба на постојната Национална стратегија за одржлив развој 2012-2020 и Акциски план 2016-2018, Владата:

- ќе ја преточи Агендата за одржлив развој 2030 на национално ниво;
- ќе препорача интегрирање на агендата во националните, поднационалните и локалните планови за развој, а последователно и во буџетските распределби; и

- ќе ги интегрира ЦОР во четиригодишна Владина програма 2016-2020 и мероданите секторски стратегии, планови и програми.

Процесот е предвидено да ги содржи елементите прикажани во Табела 1[2].

| **Табела 1. Елементи на процесот на национално планирање на одржлив развој** | |
|---|---|
| | Избор и приоретизирање на најмеродавните и локализирање на глобалните цели и таргети |
| | Избор на меродавни локални показатели и изработка на рамка за следење |
| | Изработка на буџетска рамка |
| | Преглед на меродавните национални секторски стратегии и планови и потребното ниво на приспособување за секоја стратегија и план заради усогласување со агендата за ЦОР |
| | Изработка на рамка за известување и осмислување на системот за известување |

Осмислувањето на начините за изработка и спроведување на политиките така што да се вклучат сите засегнати страни со цел да се поттикне и олесни партнерството меѓу властите и националните и поднационалните активни мрежи на засегнати страни од граѓанското општество, универзитетите, тинк-тенкови, приватниот сектор, други актери во развојот, и националните институции за човекови права се смета дека е од пресудно значење за овозможување на легитимноста и квалитетот на сеопштествената агенда. Затоа, за оваа задача беше усвоен приодот на вклучување на сите засегнати страни.

Општите упатства за процесот изработени од седиштето на ОН се смета дека се скроени спрема локалниот контекст. Како појдовна точка за задачата се користеа следниве два документи: извештајот за напредокот со спроведувањето на Националната стратегија за одржлив развој; и Партнерство за одржлив развој: Стратегија на ОН 2016-2020 (за петгодишен план). Според погорниот концепт, на почетокот на 2016 година, Владата назначи тим од консултанти задолжени за процесот на локализација на ЦОР ширум главните полиња на работа (Рамка 1: Главните полиња на работа за ЦОР), со помош на агенциите на ОН. Беа ангажирани девет национални консултанти со опсежно познавање и искуство за проблематиката на одржлив развој во земјата, со цел да спроведат анализа на недостатоците за специфичните ЦОР во нивните области на експертиза, а исто и да придонесат во другите меродавни области, имајќи во предвид дека целите заемно се зајакнуваат и нивното остварување бара повеќесекторски приод. Анализата на недостатоците се фокусира на неколку аспекти, вклучително и:

2 Заеднички труд на Владата и ОН, концепт Преточување на Агендата за одржлив развој 2030 во националното планирање на одржлив развој.

**Рамка 1: Главни полиња на работа за ЦОР**

**1. Вработување и социјална инклузија**

*ЦОР 1:* Да се стави крај на сиромаштијата во сите облици насекаде
*ЦОР 3:* Да се овозможи здрав живот и да се унапреди благосостојбат за сите на секоја возраст
*ЦОР 4:* Да се овозможи инклузивно образование со ист квалитет и да се овозможат можности за доживотно учење за сите
*ЦОР 5:* Да се постигне родова еднаквост и да се оснажат сите жени и девојки
*ЦОР 8:* Да се промовира стабилен, инклузивен и одржлив економски раст, целосно и продуктивно вработување и достојна работа за сите
*ЦОР 10:* Да се намали нееднаквоста во и меѓу земјите

**2. Одржлива енергија**

*ЦОР 7:* Да се овозможи пристап до достапна, сигурна, одржлива и современа енергија за сите
*ЦОР 9:* Да се изгради отпорна инфраструктура, да се промовира инклузивна и одржлива индустријализација и да се поттикнува иновација
*ЦОР 12:* Да се овозможат обрасци на одржлива потрошувачка и производство

**3. Климатски промени**

*ЦОР 13:* Да се преземе итно дејство за борба против климатски промени и нивните влијанија

**4. Одржлива употреба и управување на природните ресурси**

*ЦОР 2:* Да се стави крај на гладот, да се постигне сигурност на храната и подобрена исхрана и да се промовира одржливо земјоделство
*ЦОР 6:* Да се овозможи достапност и одржливо управување со водата и санитација за сите
*ЦОР 11:* Да се направат градовите и човековите населби инклузивни, безбедни, отпорни и одржливи
*ЦОР 14:* Да се зачуваат и одржливо користат океаните, морињата и морските ресурси за одржлив развој
*ЦОР15:* Да се заштити, обнови и промовира одржлива употреба на копнените екосистеми, одржливо да се управуваат шумите, да се води борба против опустошување, и да се запре и да се пресврти унижувањето на земјиштето и да се запре загубата на биолошката разновидност

**5. Добро управување**

*ЦОР 16:* Да се промовираат мирни и инклузивни општества за одржлив развој, да се овозможи пристап до правда за сите и да се ефективни, и инклузивни институции на сите нивоа
*ЦОР 17:* Да се зајакнат средствата за спроведување и ревитализирање на глобално партнерство за одржлив развој

*Извор: Заеднички труд на Владата и ОН, Концепт Преточување на Агендата за одржлив развој 2030 во националното планирање на одржлив развој*

- анализа на сегашната политичка и правна рамка / националните приоритети кои се однесуваат на конкретни ЦОР;
- анализа на нивото на интеграција на специфичните таргети за ЦОР во сегашните национални стратегии / акциски планови;
- анализа на тоа дали специфичните ЦОР (и нивните таргети) се добро (или лошо) засегнати во националните стратегии / политики. За анализата исто така е потребно да се направи оценка на очекуваната сложеност, степенот на протегање и потенцијално

ниво на приспособување коешто би било потребно за постојните стратегии / акциски планови да се усогласат со агендата за ЦОР;
- анализата на утврдените меѓусекторски врски меродавни за планирање и спроведување на ЦОР; и
- приоретизирање на таргетите на Националната стратегија за спроведување на ЦОР и Акцискиот план 2016-2030.

За секоја од целите потребен е мултидисциплинарен приод, поради што во фазата на анализа на недостатоците беше побарана тесна соработка меѓу експертите и вклучување на процес на политички дијалог со сите засегнати страни и организации на граѓанско општество.

## Техничка поддршка за преточување на ЦОР 3 и други цели поврзани со здравје во националното планирање на одржлив развој – признавање на „Здравје 2020“ како средство за остварување на ЦОР

Со овој процес се призна важноста на здравјето во агендата за одржлив развој, и како цел и како таргет. Се нагласи врската помеѓу „Здравје 2020“ и ЦОР на европско ниво (Рамка 2), и на национално ниво (Рамка 3). Имено, Министерството за здравство, со техничка поддршка од СЗО, ја изработи Националната стратегија „Здравје 2020“ и главните акциски планови за нивно спроведување, кои претходно не постоеја (јавно здравство, животна средина и здравје), заедно со процесот на прегледување и ревидирање започнат преку меѓусекторски политички дијалог, за сите постојни акциски планови во специфични вертикални области на здравството.

Министерот за здравство усвои одлука за формално основање на Централна техничка работна група (ЦТРГ) за ЦОР 3+ во јули 2016 година. На првиот состанок одржан на 15 јули 2016 година, експертите се сретнаа со претставниците на Кабинетот на Заменикот претседател на Владата надлежен за економски прашања, којшто е надлежниот орган за локализирање на „Агендата 2030“ во земјата.

Со оглед на амбициозната агенда на Владата, Националната канцеларија на СЗО (НК) го поддржа брзиот процес на воспоставување и започнување на работата на ЦТРГ за ЦОР 3+ и другите цели поврзани со здравје, опфаќајќи експерти од и вон здравствениот сектор, која требаше тесно да соработува со СЗО, со цел технички да го поддржи целиот процес и делата, и да соработува кохерентно со НТОН и

Кабинетот на Заменикот претседател на Владата надлежен за економски прашања, како севкупен национален координатор на процесот. ЦТРГ 3+ ќе се прошири со други членови, зависно од потребите на процесот и работата. УНФПА заедно со СЗО ја поддржаа работата на гореспоменатата работна група.

Рамка 2: Поврзување на „Здравје 2020" и ЦОР на европско ниво




Рамка 3: Поврзување на Националната стратегија за здравје до 2020 година и ЦОР






Првиот состанок на ЦТРГ за ЦОР 3+ во просториите на НК на СЗО.
Фотографија на: РК на СЗО

ЦТРГ за ЦОР 3+ разговараше и консензуално се согласи за: а) основање на ЦТРГ, б) управната структура на процесот, в) распоред на активностите, г) делата и д) логото.

## Структурата на управување на процесот

Во своите напори да обезбеди доследност и системски приод кон стручната поддршка на НТОН, а особено на СЗО како координатор на стручната поддршка за локализирање на ЦОР 3+ за севкупниот процес на преточување на „Агендата 2030“ во националната политика за одржлив развој, ЦТРГ за ЦОР 3+ и' ја предложи на Владата структурата за управување, која треба да обезбеди јасен и едноставен тек на поддршката, земајќи ги предвид националните структури коишто веќе постојат (Графикон 1).

Кабинетот на Заменикот претседател на Владата надлежен за економски прашања е надлежниот орган за локализирање на „Агендата 2030“ во земјата. Советот за одржлив развој, основан 2012 година, е договорен за усвојување на сите документи поврзани со спроведувањето на ЦОР на национално ниво. Кабинетот на Заменикот претседател на Владата надлежен за економски прашања претседава со Советот за одржлив развој, основан 2012 година како меѓусекторско владино тело. Министерот за здравство претседава со Комитетот за здравје и животна средина, исто така основан како меѓусекторско владино тело. Обете тела се на високо ниво, каде што се среќаваат министрите од различни сектори и директори на јавните агенции.

Стручната поддршка на НТОН за ЦТРГ 3+ се координира преку СЗО.

Сите дела се доставуваат до Министерството за здравство на одобрување, пред да се проследат понатаму во процесот до Комитетот за здравје и животна средина, којшто ја оценува нивната исправност од гледна точка на јавното здравје и здравствениот систем, при тоа поврзувајќи се блиску со социјалните прашања и еколошката одржливост. Комитетот за одржлив развој ги оценува со цел постигнување на кохерентност и доследност на севкупната агенда за одржлив развој, разгледувајќи ги и вкрстените прашања, пред Заменикот претседател на Владата надлежен за економски прашања, како надлежен орган за одржлив развој, да го одобри предлогот до Владата.

Графикон 1: Структура на процесот на преточување на ЦОР 3 и другите ЦОР поврзани со здравје (ЦОР 3+)




## Улогата на СЗО во процесот на преточување на ЦОР 3 и другите ЦОР поврзани со здравје: „Здравје 2020“ како средство за постигнување на ЦОР 3+ на национално ниво

Националните заложби за преточување на „Агендата 2030“ во процесот на планирање се засноваат на силна политичка поддршка и одлучување. Уште на почетокот на процесот, НТОН беше поканета да се приклучи, а СЗО да ја координира стручната поддршка на ОН за работата поврзана со целта „Здравје“ и другите цели поврзани со здравје.

Врз основа на довербата што политичките лидери и националната професионална заедница ја имаат во СЗО, а која произлегува од

долгогодишната и посветена работа на Организацијата на сите нивоа на поддршка на националните настани за здравје, Организацијата доби истакната улога во обликувањето на националната агенда за одржлив развој, каде што здравјето е признаено и како цел и како таргет.

НК на СЗО ја дава следнава поддршка:

- координација и олеснување на стручната поддршка на НТОН за дејствата поврзани со ЦОР 3 и другите ЦОР поврзани со здравје;
- техничка поддршка во процесот на изработка на анализата на недостатоците за ЦОР, и координација и олеснување на анализата за ЦОР 3+;
- техничка поддршка во процесот на преточување на ЦОР во националните планови, а особено Националната стратегија „Здравје 2020“ и нејзините акциски планови (јавно здравје, животна средина и здравје, НЗБ и др.);
- техничка поддршка за усогласување на рамките за следење и оценка на „Здравје 2020“ со таргетите и показателите за ЦОР;
- кревање на свеста за ЦОР 3 и другите ЦОР поврзани со здравје на различни настани и состаноци што ги организирани СЗО на национално и локално ниво; и
- споделување на меродавни публикации со засегнатите страни на национално и локално ниво.

Националната „Стратегија за Здравје на Република Македонија до 2020 година“, вдахновена од Европската рамковна политика за здравје и благосостојба, и со поддршка од СЗО, другите сектори ја препознаа како огромно постигнување во насока на остварување на ЦОР и се смета за пример кој другите сектори треба да го следат на нивниот пат во иста насока, вклучувајќи важни врски за здравје и развој. Преостанува да се насочува напредокот во здравството преку меѓусекторска работа и севласните и сеопштествените приоди на национално ниво, со заедничка цел унапредување на здравјето и одржливиот развој за сите, така што никој да не биде изоставен.[3]

3 Проучување на случај за Преточување на Агендата за одржлив развој 2030 во националното планирање на одржлив развој во поранешна југословенска Република Македонија и улогата на СЗО, Снежана Чичевалиева (август 2016)

## Напредок во усогласувањето на политиките, стратегиите и плановите поврзани со здравје со „Агендата 2030“ и испорачување на Целите за одржлив развој (ЦОР)

Целта за одржлив развој 3 од Агендата за одржлив развој 2030 е посветена на „овозможување на здрав живот и унапредување на благосостојбата за сите на секоја возраст“. Поврзаните таргети, меѓу другото, имаат за цел да се намали смртноста кај мајките на глобално ниво, да се стави крај на смртноста на новороденчињата што може да се спречи, да се стави крај на епидемијата на ХИВ/СИДА, туберкулоза и маларија, универзална здравствена покриеност, како и да се намали за една третина прераната смрт од незаразни болести и др.

Сè на сè, во однос на ЦОР 3 и нејзините таргети, како и другите ЦОР и таргети поврзани со здравје и благосостојба, земјата, под раководство на Министерството за здравство, а во соработка со стручната поддршка од агенциите на ОН (Светската здравствена организација, УНФПА), во изминатите две години оствари значителен напредок во усогласувањето на здравствените политики, стратегии и планови со „Агендата 2030“ и со испорачувањето на Целите за одржлив развој (ЦОР). Националната стратегија за здравје до 2020, Акцискиот план за јавно здравје до 2020, Акцискиот план за животна средина и здравје до 2030 и Националната стратегија за сексуално и репродуктивно здравје до 2020 се веќе усогласени со ЦОР.

Стратешките документи поврзани со Националната стратегија за здравје до 2020 беа изработени со примена на пристапите цела-влада и цело-општество, земајќи ги предвид преземените национални, регионални и глобални заложби за подобро здравје и благосостојба, преку „Агендата 2030“ и Рамковната политика на СЗО Европа за здравје и благосостојба „Здравје 2020“, и вградувајќи ги постојните здравствени стратегии и планови. Како сеопфатен стратешки документ, Националната стратегија за здравје до 2020 година ги вградува сите постојни стратегии и акциски планови за здравје или поврзани со здравјето, а истовремено ја наметнува обврската за усогласување на стратегиите со агендата за одржлив развој кога истите се ревидираат или обноват по нивното истекување.

Во однос на ЦОР 3, најмеродавните цели и таргети за земјата, кои беа утврдени како дел од процесот на анализирање на недостатоците за ЦОР, се таргетите 3.4, 3.9, 3.7, 3.2 и 3.8.

Таргетот 3.4, кој гласи: *До 2030, да се намали за една третина прераната смрт од незаразни болести (НЗБ) преку спречување и*

*лекување и да се унапреди менталното здравје и благосостојба*, е многу важен, бидејќи НЗБ претставуваат голем причинител на смртноста и на прераната смртност која може да се спречи. На овој таргет му се обрнува особено внимание во Националната стратегија за здравје 2020, особено во поглед на овозможување на правилно собирање и анализа на податоци, бидејќи статистиката за јавното здравје сè уште не е усогласена со правото на ЕУ (ЕК Извештај за напредокот 2015).

Таргетот 3.9, кој гласи: До 2030, одржливо да се намали бројот на смртните случаи и заболувања од опасни хемикалии и загадување и онечистување на воздухот, водата и почвата, е пресуден за следење на животната средина како главен чинител за здравјето. Акцискиот план за здравје и животна средина до 2020 има поширок список на показатели предложени за следење, кои ќе придонесат со дополнителни податоци за мерење на напредокот околу постигнување на таргетот.

Таргетот 3.7, кој гласи: *До 2030, да се овозможи универзален пристап до услуги за сексуално и репродуктивно здравје, вклучително и за планирање на семејството, информирање и образование, и интегрирање на репродуктивното здравје во националните стратегии и програми*, е важен од аспект на овозможување на интегрирање и спроведување на репродуктивното здравје во другите стратегии, што се одвива тековно и е делумно исполнето. Препораките од среднорочниот преглед на Националната стратегија за сексуално и репродуктивно здравје 2010-2020 треба да се исполнат со изработка на трошочно разработени акциски планови за постигнување на овој таргет.

Таргетот 3.2, кој гласи: До 2030, да се спречи смртноста што може да се спречи кај новороденчињата и децата до 5-годишна возраст, при што сите земји да се стремат да се намали неонаталната смртност на барем на 12 на 1,000 живородени, а смртноста на возраст до 5 години да се намали барем на 25 на 1,000 живородени, што е поврзано со здравјето на мајките и децата, е пресуден за овозможување на здрав почеток на животот, што пак е продолжување на резултатите добиени со Милениумските развојни цели 4 и 5, каде што беа и меѓу приоритетите на МРЦ во земјата до 2015, и се следат како показател на здравјето и социо-економскиот развој.

Таргетот 3.8, кој гласи: *Да се постигне универзална опфатеност со здравството, вклучително и заштита од финансиски ризик, пристап до квалитетни основни здравствени услуги, и пристап до безбедни, ефективни, квалитетни и достапни основни лекови и вакцини за сите*, е меродавен и важен бидејќи и покрај универзалното здравствено осигурување засновано на државјанство, со кое е покриено речиси

целото население, трошоците што осигурениците ги плаќаат од својот џеб и понатаму се доста високи, а вториот показател за овој таргет овозможува следење на процентот на населението што е заштитен од здравствени расходи кои се т.н. катастрофални / доведуваат до осиромашување.

## Предизвици со раното спроведување на ЦОР поврзани со здравје и други ЦОР на национално ниво

Иако само ЦОР 3 првенствено се фокусира на здравје, голем број други развојни цели, вклучително и оние што се однесуваат на животна средина, исхрана, глад, одржливо производство и потрошувачка, земјоделство, образование, исто така имаат големо влијание врз здравјето. За да постигнат напредок за човековото здравје, земјите ќе мора да се обврзат на опсежна агенда за одржлив развој којашто ги препознава и ползува врските помеѓу различните цели и таргети. Најочигледниот предизвик е да се обезбеди политичка волја за утврдување и доделување на соодветни финансиски ресурси (Светска банка 2015; Yamey et al. 2014; Schmidt-Traub & Sachs, 2015). Но, за да се поведе сметка дека тие заложби ќе доведат до подобро здравје, потребно е да се засегнат три важни прашања: споделување на глобалните знаења, градење на капацитетите, и иновација. Агенциите на граѓанското општество, како што се тинк-тенкови и академските институции, може да станат критични катализатори за забрзување на агендата за ЦОР на сите нивоа на управување.[4]

Со новата Агенда за одржлив развој 2030, во до сега невидена мера, се воведува заемната поврзаност на целите. За тоа ќе биде потребно Владата целосно и искрено да ја прифати глобалната агенда. Исто така, ќе биде потребна непрекината поддршка од Обединетите Нации – единствениот систем кој поседува најразновидна техничка експертиза и има пристап до искуствата на голем број земји. Потребната поддршка за земјите треба да се обезбеди во рамките на постојните ресурси и без да се создадат дополнителни институционални структури. Од огромно значење е и понатамошното градење на капацитетите на национално ниво за спроведување на ЦОР.

4 Заклучок за Глобалниот извештај за одржлив развој – Ажурирана верзија, Забрзување на постигнувањето на целите за одржлив развој, Менување на играта во глобалното здравје, Ашиш Џа, Илона Кикбуш, Петер, Камран Абаси (2016)

Интегрирањето на целите и таргетите од „Агендата 2030“ во националните приоритети, дејства, планови и буџети е критичниот прв чекор кон нејзино прифаќање и спроведување. Искуствата со МРЦ покажаа дека таму каде што целите беа интегрирани во националните планови и усогласени со постојните приоритети, дојде и до поголемо придвижување.

За плановите да доживеат напредок, пресудни се институциите и механизмите за координација. На јавните институции мора да им се дадат потребните ресурси за да ги испорачаат ЦОР, додека пак механизмите за координација, особено во рамките на клучните национални засегнати страни, може да помогнат да се истурка промената. Ангажирањето на сите сектори на власта, на граѓанското и научното општеството и на пошироката заедница во меѓусекторско дејство и нивната координација се пресудни во процесот на преточување на ЦОР и таргетите поврзани со здравје во националните планови и политики. За да се остварат ЦОР потребни се силни и ефективни институционални механизми со вклучување на сите засегнати страни, вклучително и претставници на јавноста, на (централната и локална) власт, приватниот сектор, граѓанското општество, научната заедница, и други партнери. Од суштинско значење е кревањето на севкупната институционална свест за „Агендата 2030“ и ЦОР и стимулирање на последователните дискусии и поблиското институционално ангажирање во идното усогласување на ЦОР и процесите на креирање на политиките.

За одржлив развој потребен е холистички и меѓусекторски приод кон политиката за да се овозможи економските, социјалните и еколошките предизвици да се засегнат заедно. Затоа, одржливиот развој на крајот претставува прашање на управување за што се потребни вистински инструменти за овозможување на политичка кохерентност ширум тематските области. Вложувањето во доброто управување, како што е владеење на право, отчетност, инклузивно учество, лидерство, и зајакнување на правната и законската рамка се важни состојки во спроведувањето на ЦОР.

Потребно е да се искористат постојните инструменти и механизми за да се спроведат и следат ЦОР. За локализирање на ЦОР потребна е поддршка за преточување на целите од национално ниво во локалните планови и дејства. Ова, исто така, подразбира приспособување на поврзаните процеси за буџетирање, следење и известување, како и градење на националните капацитети за тие процеси.

Последниот клучен предизвик е да се обезбеди одговорност и отчетност за напредок кон исполнување на ЦОР. Механизмите за

тоа треба да се поврзат на локално, национално и меѓународно ниво. Потребно е да се мерат и следат и инпутите (т.е. дали земјата вложила во засегнувањето на проблематиката А, Б и В) и „исходите“ (т.е. дали навистина сме ги постигнале нашите цели за да се искорени сиромаштијата, да се унапреди здравјето, и овозможи пристап до вода, храна и енергија).[5] Потребно е да се изнајдат начини на кои овие информации ќе се вратат назад во политиката и политичката арена за одговорните засегнати страни да станат отчетни. Ова пред сѐ ја подразбира Владата, но и другите засегнати страни од приватниот и граѓанскиот сектор. Од суштинско значење е систематското и транспарентното водење евиденција за напредокот и овозможување на соодветно собирање и анализирање на податоци за следење и оценка на спроведувањето на ЦОР. Исто така, зајакнувањето на податочните системи и добивањето на висококвалитетни разложени податоци е особено важно за засегнување на групно заснованите нееднаквости и водењето сметка никој да не биде изоставен. Во предвид треба да се земе и заедничка рамка за следење на показателите за „Здравје 2020“, незаразни болести (НЗБ) и ЦОР.

Интегрирањето на ЦОР во процесите на национално планирање започна, и треба да продолжи. Општо земено, извесен број на национални стратегии и политики се веќе усогласени со ЦОР, но некои стратегии сѐ уште не се спроведени. За остварување на сериозен напредок, постојат сериозни предизвици во смисла на усогласување и можностите. Сите погоре споменати предизвици треба да се земат предвид во процесот на спроведување на ЦОР и постигнување на таргетите, а со цел да се максимизира напредокот кон ЦОР, да се овозможи отчетност до граѓаните, и да се поведе сметка никој да не биде изоставен.

---

5 Три предизвици со кои се соочуваат Целите за одржлив развој на ОН, Џејмс Петерсон, 2015

## Резиме

Поранешна југословенска Република Македонија во декември 2015 година одлучно се нафати да ја преточи Агендата за одржлив развој 2030 во националното планирање на одржливиот развој, со цел да изработи Акциски план за одржлив развој 2016-2030, по пат на оценување на потребите и потенцијалите и поставување на таргетите меродавни за контекстот на земјата. Обединетите Нации (ОН) беа вклучени во севкупното дејство, уште во раните фази, и направија силни напори да ги поддржат управните структури на земјата во изработката на современа владина политика за одржлив развој. Светската здравствена организација (СЗО) ја координира стручната поддршка на Националниот тим на Обединетите Нации (НТОН) за дејствата што се преземаат за Целта за одржлив развој (ЦОР) 3 и другите ЦОР поврзани со здравје. Министерството за здравство усвои одлука за основање на Централна стручна работна група за ЦОР 3+ и побара, со оваа одлука, да ја координира својата работа во тесна соработка со СЗО (Канцеларијата во земјата).

Преточувањето на Агендата за одржлив развој 2030 во националното планирање на одржливиот развој во поранешна југословенска Република Македонија претставува сложен подвиг за којшто Владата подготви амбициозен распоред, при што на СЗО и' беше доделена истакната улога на координатор, организатор, и глобален експерт во поддршка на изработката на документите за процесот и исходот, како и нивното спроведување откако ќе се усвојат.

Овој труд има за цел да даде приказ на процесот на преточувањето на Агендата за одржлив развој 2030 во националното планирање на одржливиот развој во поранешна југословенска Република Македонија, на улогата на СЗО во процесот поврзан со ЦОР 3 и другите цели поврзани со здравје, како и на предизвиците со кои ќе се соочи земјата.

## Референци


1. Три предизвици со кои се соочуваат Целите за одржлив развој на ОН, Џејмс Петерсон, 2015
2. Заеднички труд на Владата и ОН, концепт Преточување на Агендата за одржлив развој 2030 во националното планирање на одржлив развој (2016)
3. Преточување на Агендата за одржлив развој 2030, Референтен водич за националните тимови на ОН, февруари 2016
4. 5 чекори кон спроведувањето на ЦОР, д-р Роисин Хајндс, Виш советник за политика и истражување во „Заштитете ги децата" (март 2016)
5. Заклучок за Глобалниот извештај за одржлив развој – Ажурирана верзија, Забрзување на постигнувањето на целите за одржлив развој, Менување на играта во глобалното здравје, Ашиш Џа, Илона Кикбуш, Петер, Камран Абаси (2016)
6. Записник од првиот состанок на Централната техничка работна група (18 јули 2016)
7. Одлука на Министерот за основање на Централната техничка работна група (18 јули 2016)
8. Проучување на случај за Преточување на Агендата за одржлив развој 2030 во националното планирање на одржлив развој во поранешна југословенска Република Македонија и улогата на СЗО, Снежана Чичевалиева (август 2016)
9. Национална стратегија „Здравје 2020" на Република Македонија (во процес на усвојување од страна на Владата) (2016)
10. Кон патоказот за спроведување на Агендата за одржлив развој 2030 во Европскиот регион на СЗО, 66. седница на Регионалниот комитет за Европа, Копенхаген, Данска, 12-15 септември 2016
11. Нацрт анализа на недостатоците во засегнувањето на Целите за одржлив развој во националните стратешки документи на Република Македонија (декември 2016)